Република Северна Македонија

Министерство за дигитална трансформација

# Упатство за користење

Согласно член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25), со кој се изменува и дополнува член 10 со ставови (2) и (3), подготвено е следното упатство за користење, со цел правилна примена на законот и обезбедување на квалитетни услуги за граѓаните.

## Печатените форми на електронски документи издадени од јавен орган не подлежат на процесот на верификација

Со измените на член 10 и дополнувањето со ставовите (2) и (3) се дава правна основа електронските документи издадени преку Националниот портал за електронски услуги (www.uslugi.gov.mk), информационите системи кои го користат системот за единствена најава (СЕН) или други системи кои издаваат електронски документи, да бидат признати како валидни документи. Овие документи можат да се користат во постапки пред други институции од јавниот сектор и приватни правни лица без потреба од дополнителна верификација, со што се олеснува административната работа и се поттикнува употребата на електронските услуги.

## Правна валидност на електронските документи

Електронскиот документ претставува секоја содржина зачувана во електронска форма, вклучувајќи текстуални, звучни, визуелни или аудио-визуелни записи. Овие документи имаат иста правна и доказна сила како и документите во писмена форма, согласно законските одредби. Тие не можат да бидат оспорени како доказ во управна или судска постапка само затоа што се создадени во електронски облик. Кога законот предвидува писмена


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

форма на документите, електронските документи се сметаат за валидни документи во писмена форма.

## Верификација на печатена форма на електронски документи

Според член 10 од Законот, кога електронски документ се репродуцира во печатена форма, тој задржува иста правна и доказна сила како и оригиналниот електронски документ. За ова да биде валидно, процесот на умножување мора да се изврши под надзор или од страна на физичко лице или овластено лице кое го создало документот. Дополнително, идентичноста помеѓу електронскиот и печатениот документ мора да биде потврдена со своерачен потпис на физичко лице или овластено лице на правно лице кое го издава документот.

Со ставовите (2) и (3), воведени се олеснувања за документите издадени од јавни органи (државен орган, орган на државната управа, единица на локалната самоуправа, јавни претпријатија, установи, организации и правни лица на кои им се делегирани јавни овластувања во согласност со законодавството на Република Северна Македонија). Печатените форми на електронски документи издадени од јавен орган не подлежат на процесот на верификација. Ова значи дека истите можат директно да ги користат овие документи без да подлежат на процесот на верификација од став (1) на член 10 од законот.

За дополнителна потврда, секој јавен орган или приватно правно лице може лесно да го провери документот преку скенирање на QR-кодот сместен на долниот десен агол на документот. До QR-кодот има и линк до оригиналниот електронски документ, овозможувајќи брз пристап за проверка на точноста на податоците.


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

Министерство за дигитална трансформација

## Употреба на печатени форми

Печатените форми на електронски документи издадени од јавни органи можат да се користат во постапки за остварување на права или добивање услуги пред јавни органи или приватни правни лица (банки, телекомуникациски оператори, осигурителни компании и слично). Тие ја задржуваат истата правна и доказна сила како и документите издадени во хартиена форма, доколку ги исполнуваат сите услови пропишани со Правилникот за задолжителни елементи на електронскиот документ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 47/20) вклучувајќи заглавие со лого, тело со текст и подножје со QR-код, линк и порака за валидноста.

**Министер за дигитална трансформација**
**Стефан Андоновски**


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

**ЗАШТЕДА НА ВРЕМЕ, ПОДОБРА ДОСТАПНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ, НАМАЛУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА, ЗГОЛЕМЕНА ПРОДУКТИВНОСТ И ПОБРЗА КОМУНИКАЦИЈА.**

Марија од Прилеп сака да аплицира на јавен оглас за вработување во банка. На листата потребни документи/докази е наведено дека треба да достави: „Потврда дека нема изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност или должност - физичко лице – издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија во оригинал".

За да го прибави потребниот документ Марија има две можности да поднесе барање во канцелариите на Централниот регистар во Прилеп или да ја добие потврдата преку Националниот портал за електронски услуги.

Иако досега секогаш Марија ги прибавувала документите преку шалтери на институциите, сега Марија одлучува да ја добие потврдата преку Националниот портал за електронски услуги.

Марија преку пребарувач ја отвора веб-страницата www.uslugi.gov.mk. На главната страница, таа го користи полето за пребарување и го внесува насловот на услугата: „Потврда дека не е изречена прекршочна санкција". Во резултатите од пребарувањето, таа лесно го пронаоѓа линкот до услугата и го отвора (https://uslugi.gov.mk/service/potvrda-deka-ne-e-izrechena-prekrshochna-sankci%D1%98a-zabrana-za-vrshenje-na-profesi%D1%98a-de%D1%98nost-ili-dolzhno-5084).

Марија го клика копчето „Аплицирај". Системот ја навигира на страната на која е потребно Марија да се најави на системот. Таа го користи својот профил на Националниот портал за електронски услуги, кој обезбедува брз и лесен пристап до услугата (пополнува корисничко име и лозинка и клика на копчето „Најави се".

И се појавува формата за аплицирање во која веќе се наведени Име, Презиме и Адреса. Внимателно ги пополнува своите лични податоци, како што се име, презиме и матичен број, и клика на копчето „Поднеси". Порталот сам генерира образец Барање за потврда дека не е изречена прекршочна санкација забрана за вршење на професија, дејност или должност кое ја содржи и Изјавата за обработка на лични податоци. Марија клика на копчето „Потврди" со што го испраќа своето барање (оваа услуга се наплаќа).

По кратко време, добива Известување за изгенериран документ во сандачето дека потврдата е издадена и е достапна во нејзиниот профил на порталот. Таа ја презема потврдата во електронска форма. Издадениот електронски документ ги содржи сите задолжителни елементи на електронскиот документ, вклучувајќи и QR-код за лесна проверка.

Марија откако ги прибира сите документи/докази потребни за пријавување на работа во банката ги испраќа испечатени на хартија. При евалуација на Пријавата за вработување на Марија, **примачот (банката која го објавила јавниот доказ) ја прифаќа печатената форма на електронскиот документ Потврда дека не е изречена прекршочна санкција како доказ доставен во оригинал** и истиот го проверува преку скенирање на QR- кодот кој содржи линк до оригиналниот електронски документ, затоа што тој е издаден од јацен орган согласно одредбите од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги и ги содржи сите услови пропишано во Правилникот за задолжителни елементи на електронскиот документ („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 47/20) вклучувајќи заглавие со лого, тело со текст и подножје со QR-код, линк и порака за валидноста.

Марија од Прилер е само еден пример на брзо и успешно комплетирање на документи/докази потребни за постапка пред јавен орган или приватно правно лице.